# Кодекс на однесување на ЕВН

Содржина


| | | |
|---|---|---|
| 1 | Предговор | 3 |
| 2 | Развој на Кодексот на однесување на ЕВН | 4 |
| 3 | Основни начела на Кодексот на однесување на ЕВН | 5 |
| 4 | Содржина и примена на Кодексот на однесување на ЕВН | 6 |
| 5 | Нашиот однос кон нашите клиенти | 7 |
| 6 | Нашиот однос кон партнери и добавувачи | 9 |
| 7 | Нашиот однос на пазарот на капитал и кон инвеститорите | 11 |
| 8 | Нашиот однос кон вработените | 13 |
| 9 | Безбедност при работа и превенција на несреќи | 15 |
| 10 | Интегритет и избегнување на корупција | 17 |
| 11 | Човекови права и деловна етика | 19 |
| 12 | Јавност и општество | 21 |
| 13 | Начело на одржливост во ЕВН | 23 |
| 14 | Заштита на податоци, деловни информации и доверливост | 25 |


Усогласеност. Тоа е добра енергија.



**Почитувани вработени во ЕВН!**

Како меѓународна услужна компанија во областа на енергетиката и животната средина имаме далекусежно влијание и треба да дадеме добар пример во земјата и во странство. За да го зачуваме добриот углед и успехот во работењето на ЕВН, огромна важност придаваме на интегритетот и почитување на законите од страна на сите вработени. Воведувањето на Системот за усогласеност на ниво на ЕВН Групацијата треба да обезбеди континуирано придржување кон овие стандарди. Значаен дел на Системот за усогласеност е испробаниот, и Вам познатиот Кодекс на однесување на ЕВН. Тој и понатаму треба да Ви дава поддршка додека оваа визија ја претвораме во реалност. Кодексот на однесување ги дефинира и сумира основните начела и насоки за одговорно однесување и интегритет. Воведувањето на постапката за пријавување на потенцијални прекршоци треба да го обезбеди тоа високо ниво на ефикасност.

Уверени сме дека овој Кодекс на однесување нема само да Ви ги посочи обврските кои ги имате, туку и дека заедно со Прирачникот за усогласеност ќе Ви послужи како референтна литература со драгоцени и корисни совети за ориентација и поддршка во Вашата работа. Ви посакуваме многу успех при секојдневната негова примена со цел ЕВН да може доследно да продолжи по патот на успехот!

Franz Mittermayer
Member of the
Executive Board

Stefan Szyszkowitz
Spokesman of the
Executive Board

Christian Mende
Chief Compliance Officer

Paul Hofer
Chairman of the
Central Works Council



ЕВН е водечка, меѓународна компанија за услуги од областа на енергетиката и животната средина, која котира на берза и има седиште во Долна Австрија, најголемата австриска сојузна покраина. Со повеќе од 7.500 вработени на нашите клиенти им нудиме електрична енергија, природен гас, топлинска енергија, вода, термичка обработка на отпад и сродни услуги, од страна на еден снабдувач.




Тргнувајќи од домашниот пазар во Долна Австрија, во последните години ЕВН следеше динамична, но секогаш промислена стратегија на експанзија. Како последица на нудењето услуги, компанијата денес го обезбедува и подобрува квалитетот на живот на повеќе од три милиони клиенти во повеќе од 20 земји. Во областа на енергетиката ние сме меѓународно активни – понекогаш како мнозински содружник - преку компании за дистрибуција на електрична енергија во Бугарија и Македонија, како и многубројни проекти за електрични централи во странство. Во сегментот на животната средина исто така работиме успешно и надвор од границите на Австрија во областа на водоснабдување, третман на отпадни води, како и термичка обработка на отпад.

Како резултат на овој динамичен процес на интернационализација, беше неопходно да се дефинира и комуницира заедничка организациска култура, чии суштински начела и правила на однесување ги надминуваат јазичните бариери и националните граници, и да се обезбеди овој документ да е достапен за сите вработени во ЕВН Групацијата. Кодексот на однесување на ЕВН беше изработен во деловната 2008/09 година во рамките на процес на ниво на Групација, со вклученост на сегментот на ЕВН за корпоративна општествена одговорност. Процесот беше поддржан и од надворешни експерти. Кодексот на однесување на ЕВН беше усвоен од корпоративните органи на компанијата во јуни 2009, во согласност со работничкиот совет. Достапен е на англиски и германски јазик на компаниската интернет страна (www.evn.at).

Кодексот на однесување на ЕВН дополнително е преведен на јазиците кои доминираат во фирмите-ќерки, и тоа на бугарски и македонски јазик, и е објавен на интранет и на интернет страните на овие компании. Кодексот на однесување на ЕВН постојано се прилагодува согласно актуелните околности, особено на законската регулатива.

Доколку не е поинаку нагласено, Кодексот на однесување генерално се однесува на ЕВН Групацијата („ние“, „ЕВН“) и нејзините вработени („ние“, „вработените“). Во сите интерни и екстерни документи, ЕВН се труди да обезбеди подеднаков лингвистички третман на жените и мажите. Ова се однесува и на Кодексот на однесување. Во секој случај, дури и доколку се употребува машкиот род како форма за обраќање кон поединецот, за да се направи текстот почитлив, тоа се однесува подеднакво и на мажите и на жените.

# Основни начела на Кодексот на однесување на ЕВН



## Интерни организациски насоки

Основа на овој Кодекс на однесување е изјавата за корпоративната политика на ЕВН која ги дефинира визијата, мисијата како и основните вредности на компанијата. Корпоративната политика на ЕВН е достапна за вработените на интранет страницата и треба да се применува при реализација на деловната стратегија на Групацијата ЕВН.

Во контекст на својата желба за експанзија, ЕВН разви и унифицирана и конзистентна мисија на раководниот кадар на Групацијата ЕВН, која треба да служи како ориентациона рамка за различните задачи и одговорности на менаџментот во различни земји и региони (достапна на интранет страницата). Мисијата за животна средина на ЕВН ја утврдува рамката за управувањето со животната средина од страна на Групацијата ЕВН (достапна на интранет).
Освен тоа, за сите вработени во ЕВН важи еден сеопфатен сет на правила применливи во сите деловни подрачја. Пред сè, овие правила ги опфаќаат сите релевантни организациски документи кои го регулираат секојдневното работење на оперативно ниво. За полесна ориентација постојат информативни и едукативни материјали кои тековно се ажурираат. На интранет страницата вработените можат да ги најдат клучните правила, регулативи и коментари значајни за нивната секојдневна работа, како и материјали за информирање и едукација.

**Законска регулатива**
При сите наши активности во име на Групацијата ЕВН подлежиме на важечките закони на ЕУ, односно важечките закони на земјите во кои работиме. Од сите наши вработени очекуваме однесување согласно законите. Кодексот на однесување на ЕВН се темели на законските одредби, но претставува нивно надополнување и конкретизира решенија на специфични проблеми и предизвици.

**Меѓународни начела**
Покрај законите и прописите на земјите каде работи, ЕВН ги ориентира своите деловни активности според низа спогодби и препораки од меѓународни организации. Тие служат како важни насоки за однесувањето на ЕВН како водечка австриска и меѓународно активна компанија и се составен дел на фундаменталните принципи кои се во основата на Кодексот на однесување на ЕВН.
Како друштво кое котира на берзата во Австрија, ЕВН АГ доброволно се обврза да се придржува кон Австрискиот кодекс на корпоративно управување. На сите локации каде е присутна, ЕВН се придржува кон основните начела на Меѓународната организација на трудот (ILO) како и кон Водечките принципи на мултинационални компании на OECD. Во септември 2005 година ЕВН се приклучи кон Глобалниот пакт на Обединетите Нации со што го поддржа почитувањето на глобалните начела на етичкото деловно однесување.

**ЕВН го насочува деловното работење во согласност следните насоки:**

- Глобален пакт на Обединети Нации
- Универзална декларација за човековите права (ОН) и Европска Конвенција за заштита на човекови права и основни слободи
- Трипартитна декларација за принципите што се однесуваат на мултинационалните претпријатија и социјалната политика на Меѓународната организација на труд
- Декларацијата за основните принципи и права на работното место на Меѓународната организација на труд
- OECD Насоки за мутинационални претпријатија
- Конвенцијата на OECD за поткуп на странски јавни службеници во меѓународните деловни трансакции
- Австрискиот кодекс за корпоративно управување

# Содржина и примена на Кодексот на однесување на ЕВН



Нашите активности треба да обезбедат економска корист, но и подобрување на квалитетот на живот на локалната средина и на луѓето кои се засегнати од нашата работа и присуство. Ние сакаме да бидеме „добар сосед“. Се однесуваме со почит кон соодветната национална култура и менталитет, строго почитувајќи ги локалните закони и прописи на соодветната земја, со искрена волја да ги земеме в предвид и разбереме спецификите на секоја земја домаќин.

- Кодексот на однесување на ЕВН важи за целата Групација ЕВН („ЕВН“)[1].
- Кодексот на однесување на ЕВН содржи корпоративни начела и правила на однесување кои ги надополнуваат важечките закони и треба непосредно да се применуваат, освен ако не се подетално прецизирани со други интерни прописи.
- Кодексот на однесување на ЕВН е задолжителна основа за доверливост, транспарентност, доверба и квалитет во односот со нашите интерни и надворешни партнери, и ни служи како референтна рамка во нашата секојдневна работа. Притоа, Кодексот на однесување претставува важна основа која ни овозможува да си понесеме лична одговорност за сопственото однесување.
- Кодексот на однесување на ЕВН е интерен документ. Истовремено, тој е соодветен да им ги пренесе нашите корпоративни начела и правила на однесување на нашите деловни партнери, добавувачи и сите заинтересирани страни. Од овој документ не можат да произлезат барања кон трети лица.
- Во рамки на нашите деловни односи, пред сè при соработката со национални и меѓународни добавувачи и партнери, се стремиме кон ширење на свеста за и почитување на правилата на однесување содржани во Кодексот на однесување на ЕВН - на пример од областа човекови права и спречување на корупција.
- При примена на Кодексот на однесување на ЕВН треба да се земат во предвид особеностите на соодветната деловна област, односно државата во која работиме, без притоа да се заобиколат начелните правила на однесување. Кодексот на однесување на ЕВН му се врачува на секој нов вработен при започнување со работа од страна на надлежниот оддел за човечки ресурси или од соодветниот претпоставен. Сите вработени можат да го преземат документот на интранет страницата.
- Доколку утврдите престапи во однос на Кодексот на однесување на ЕВН или имате одредени прашања, Ве молиме обратете се до Вашиот претпоставен, до Офицерот за усогласеност надлежен за Вас, или, доколку има потреба, директно до Главниот офицер за усогласеност.
- Доколку не сте сигурни кои закони или прописи важат за Вас и Вашето работно место, или како треба практично да се применува Кодексот на однесување на ЕВН, Ве молиме стапете во контакт со Вашиот претпоставен, со Одделот надлежен за правни работи или со Офицерот за усогласеност надлежен за Вас.
- Сите Ваши барања/прашања и пријави ќе бидат третирани строго доверливо. Секој вработен ќе ја има можноста директно да се обрати до Главниот офицер за усогласеност по електронски пат, и да остане анонимен.
- Бидејќи правилата во Кодексот на однесување на ЕВН важат за сите вработени на Групацијата ЕВН, прекршувањата ќе се сметаат за повреда на работните обврски и должности, и потенцијално би можеле да имаат правни последици согласно одредбите од трудовото и граѓанското право во земјата и колективниот договор на ЕВН Македонија.

---

[1] Кодексот на однесување за сите друштва од Групацијата ЕВН во Македонија стапува на сила по усвојување од страна на Управните одбори, односно Управителите на друштвата

# Ние го подобруваме квалитетот на живот на нашите клиенти

# 01 | Потрошувачи

**Извадок од изјавата за деловна политика на ЕВН**
Како услужна компанија во областа на енергетиката и животната средина ги задоволуваме секојдневните потреби на нашите потрошувачи. Со нашата висококвалитетна услуга даваме секојдневен придонес за подобрување на квалитетот на нивниот живот. На нашите потрошувачи им нудиме конкурентни цени. Во сегментите енергетика и животна средина нашите активности воглавно се насочени кон крајните потрошувачи. За да можеме на најдобар можен начин да ги исполниме нивните очекувања, поставуваме највисоки стандарди на квалитет, како за нашите производи, така и за нашите услуги.

**Динамичното опкружување во кое работиме**
Како компанија од област на енергетика и животна средина, ЕВН нуди електрична енергија, гас, топлина, вода, согорување на отпад и поврзани услуги на своите потрошувачи. Главни цели притоа се да се осигура безбедноста на снабдувањето, како и стремежот да се исполнат очекувањата на клиентите со соодветни, ефикасни, доверливи, квалитетни, ценовно поволни и еколошки компатибилни решенија. Дополнителна цел е развивање и одржување на долгорочни врски со постоечките и новите потрошувачи. Во сите наши деловни сегменти сме посветени на принципите на одржливост.

**Нашите основни начела**

- Со сите потрошувачи постапуваме фер и се трудиме што е можно подобро да ги задоволиме нивните потреби. Поплаките се евидентираат од страна на вработените во ЕВН на лице место или во нашиот контакт центар, и се обработуваат во најкус можен рок. Дефектите ги отстрануваме брзо и небирократски.
- Се ангажираме со „срце и мозок“ за да ги препознаеме трендовите и потребите на самиот почеток, и да имплементираме иновации во вистински момент.
- На нашите потрошувачи им нудиме услуги базирани на модерна технологија и се трудиме да ги прилагодуваме нашите деловни активности на новите барања на пазарот преку континуирана проверка на нашето портфолио на услуги. Преку ефикасно енергетско советување ги почитуваме и еколошките аспекти.
- Посветени сме на фер конкуренција, која овозможува слободно развивање на сите учесници на пазарот. Ги отфрламе сите мерки кои незаконски ја попречуваат конкуренцијата. Тука особено спаѓаат недозволено договарање на цени, производствени капацитети или области за снабдување.
- Нашите клиенти секогаш ги информираме точно, целосно и навремено.

**Дополнителни информации**
Набавката на струја и гас како и трговијата со и продажбата на струја и гас се вршат во рамките на EnergieAllianz Austria (EAA), заедничка компанија на EVN, Energie Burgenland и Wien Energie. EAA го почитува кодексот на однесување за снабдувачите на енергија одобрен од Асоција на австриските компании за електрична енергија(VEÖ), која ја регулира дистрибуција на енергија во Австрија. Сите информации може да се најдат на Интранет (применливо во Австрија).

EVN

# Ние сме фер, компетентни и сигурни партнери на нашите партнери и добавувачи.

# 02 | Партнери и добавувачи

**Извадок од изјавата за деловна политика на ЕВН**
Економската одговорност за обезбедување на долгорочен опстанок на нашата Групација бара од нас врвни перформанси. Високото ниво на компетентност и сигурност се грижат за задоволството кај нашите потрошувачи и деловни партнери. За возврат тие ја претставуваат основата на нашиот одржлив корпоративен успех.

**Динамичното опкружување во кое работиме**
ЕВН е интегрирана во густа мрежа на деловни партнери и добавувачи во Австрија и интернационално. Добрата и одговорна соработка е суштинска за нејзиниот успех. Нашите деловни односи се базираат врз взаемна доверба, која постојано се стреми да постигне рамнотежа помеѓу интересите на двете страни, исполнувајќи го начелото на правичност.

**Нашите основни начела**

- Во сите деловни односи нашите партнери ги сметаме за рамноправни со нас.
- Процесите за набавки ги спроведуваме транспарентно и согласно основните начела за слободна и фер конкуренција, како и еднаков третман на сите понудувачи и добавувачи.
- Четири очи се подобри од две: за заштита на нашите вработени и за избегнување на недоразбирања се потпираме на интегритетот на две лица.
- Од нашите добавувачи очекуваме да го почитуваат Кодексот на однесување на ЕВН и го задржуваме правото за проверка на ова.
- Добавувачите кои не ги исполнуваат бараните критериуми за квалитет или недоволно ги почитуваат аспектите за заштита на животна средина, заштита при работа, безбедност и одржливост, ќе бидат исклучени од соработка со нас.
- Договори склучуваме само доколку постои разбирлив и соодветен однос помеѓу вредноста на услугата и надоместокот за истата.
- Фактичкото извршување на услугата се контролира и документира од страна на вработениот кој е одговорен за тоа.

**Дополнителни информации**
Областите набавка и меѓународни проекти се особено изложени на проверка од јавноста во однос на човековите права и интегритетот. Ве молиме во врска со ова да обрнете внимание на поглавјето „Интегритет и избегнување на корупција“ и „Човекови права и деловна етика“ во Кодексот на однесување, како и на интерните правила на компанијата поврзани со овие теми.

EVN

# Ние се залагаме за корпоративна општествена одговорност, профитабилност и транспарентност

# 03 | Пазар на капитал и инвеститори

**Извадок од изјавата за деловна политика на ЕВН**
Создаваме вредност преку висока профитабилност и прифаќање на корпоративна општествена одговорност, и на тој начин обезбедуваме долгорочен успех на Групацијата ЕВН. Врз оваа основа на нашите потрошувачи им нудиме конкурентни цени, на нашите акционери одржливо зголемување на вредност, а на нашите вработени атрактивни услови за работа.

**Динамичното опкружување во кое работиме**
Управниот и Надзорниот Одбор на ЕВН се обврзани да ги почитуваат основните начела на доброто корпоративно управување. Суштинските функции на раководниот и контролниот систем континуирано се проверуваат, и доколку е потребно, се прилагодуваат. Нашата цел е да ја оправдаме довербата на акционерите, а со тоа и да дадеме допринос кон позитивниот развој и унапредување на австрискиот пазар на капитал. Акцијата на ЕВН се позиционираше како одржлива инвестиција на пазарот на капитал и е наменета за инвеститори со соодветен долгорочен фокус кон инвестиции. Инвестирањето во акцијата на ЕВН се препорачува од повеќе индекси на одржливост.

**Нашите основни начела**

- Посветени сме на одговорно и транспарентно управување со компанијата насочено кон создавање на вредност, и ги базираме нашите активности на јасно дефинирани правила и стандарди кои соодветствуваат на меѓународно признаените стандарди.
- ЕВН навремено ги информира сите учесници на пазарот на капитал за актуелната финансиска состојба, деловните резултати и значајни развои во компанијата, согласно начелата на еднаков третман и транспарентност. Сите интерни или објавени документи и извештаи мора да бидат точни и целосни. Инсајдерските информации се објавуваат согласно законските одредби и тоа неодложно како вонредни соопштенија, до кои може да се пристапи преку веб-страната www.investor.evn.at.
- ЕВН го поздравува и го поддржува поседувањето на акции во компанијата од страна на вработените во компанијата. Сепак, периодите на забрана за тргување утврдени во Австрискиот Закон за Берза мора да се почитуваат кога вработените се здобиваат со или продаваат акции или други хартии од вредност издадени од ЕВН АГ.
- Со опсежни мерки обезбедуваме ниту еден вработен или лице на раководна функција да не може преку злоупотреба на пристап до инсајдерски информации за ЕВН да овозможи незаконска корист за себе или за трети страни.

**Дополнителни информации**
ЕВН доброволно одлучи да подлежи на Австрискиот кодекс на корпоративно управување. Со тоа кореспондираме со очекувањата на националните и меѓународните инвеститори. Воспоставен е систем за управување со ризици на ниво на Групацијата. Точноста на финансискиот менаџмент на компанијата е загарантирана преку интерен контролен систем базиран на ризици (RIKS). Сите документи и информации поврзани со овие теми можете да ги најдете на интранет.

# Ние се однесуваме со меѓусебна почит, лојалност и отвореност

# 04 | Вработени

**Извадок од изјавата за деловна политика на ЕВН**
На повеќе начини ја исполнуваме нашата **општествена одговорност**. Грижата за доброто на вработените, фер и компетитивна плата, како и обликувањето на позитивна организациска култура – која се одликува со отвореност, лојалност и взаемна почит – тука имаат исто толку големо значење како и заложбите за услужување на луѓето и нивно содветно позиционирање во општеството, кое е под разновидни влијанија. Поддржуваме активности и иницијативи од вработените, но и од трети страни, во областите уметност, култура, социјала и спорт. Тоа подразбира високо ниво на транспарентност и спремност за континуиран дијалог – како во рамките на компанијата, така и надвор од неа.

**Динамичното опкружување во кое работиме**
ЕВН има повеќе од 7.500 вработени во повеќе од 20 земји со различна култура и регионални особености. Како одговорен работодавач, ЕВН на своите вработени им нуди лична економска сигурност и интересно поле на работа. Раководниот кадар на ЕВН има посебна одговорност, како кон компанијата, така и кон вработените. Тие мора да бидат позитивен пример, и да бидат на располагање на своите вработени како компетентни партнери за дијалог, особено во конфликтни ситуации.

**Нашите основни начела**

- Не толерираме дискриминација врз основа на национално или етничко потекло, пол, сексуална ориентација, култура, религија, старост или здравствена состојба. Луѓе со иста стручна и лична квалификација мора да имаат ист третман во поглед на регрутација, услови за вработување, надоместоци, можности за обука и личен развој во рамки на соодветното регионално опкружување.
- Менаџментот во ЕВН обезбедува добра работна клима и основа за висок степен на продуктивност и достигнувања по пат на професионален и фер третман на сите вработени. Тие се грижат за доброто на своите вработени и им поставуваат јасни, амбициозни и реалистични цели и таргети.
- Обраќаме внимание на достоинството и индивидуалноста на сите вработени. Меѓусебниот однос се карактеризира со взаемна почит, чесност, тимски дух, професионалност и отвореност. Придаваме голема важност кон обезбедување на компатибилност помеѓу семејниот и професионалниот живот. Балансот помеѓу професионалниот и семејниот живот на нашите вработени го гледаме како значаен предуслов за продуктивност и успех.

**Дополнителни информации**
Сите релевантни документи, информации и контакти, вклучувајќи ги и Вашите лица за контакт, можете да ги најдете на интранет страницата. Ве молиме обрнете внимание и на изјавата за мисија на раководниот кадар и на разновидните понуди за обука и натамошна едукација во ЕВН.

Ние се грижиме за добросостојбата на нашите вработени.

# 05 | Заштита при работа и превенција на незгоди

**Динамичното опкружување во кое работиме**
Голем дел од нашите вработени се одговорни за безбедноста на други – колегите, потрошувачите и целото население, додека ја извршуваат својата работа. Ова од секој вработен бара одредено чувство на одговорност и максимална дисциплина на работно место. Заради тоа, аспектите за безбедност при работа, здравјето и превенцијата на несреќи се сметаат за врвни приоритети во целата ЕВН Групација.

**Извадок од изјавата за деловна политика на ЕВН**
Посветеноста која ја покажуваме кон обезбедување на добросостојба на нашите вработени е многу важна.

**Нашите основни начела**

- Заштитата на здравјето на вработените, како и поддршката при обезбедување и подобрување на нивната телесна и ментална кондиција, се од витално значење за нас.
- Вработените во ЕВН постојано се обучуваат на полето на безбедност при работа. Сите вработени мораат при својата работа да имаат највисок степен на претпазливост и строго да ги следат сите безбедносни прописи. Во таа смисла, секој вработен треба да ги преземе потребните безбедносни мерки и да обезбеди соодветно однесување од страна на сите инволвирани лица. Истите стандарди за безбедност важат и за подизведувачите.
- Управниот Одбор ја создава основата за успешни резултати во сферата на безбедност при работа. Раководните лица на ЕВН треба да бидат пример и се обврзани да ги поддржуваат и соодветно да ги информираат сите вработени при почитување на законите и прописите за безбедност. При прекршувањето на овие правила или несреќи, треба неодложно да се поднесе известување до лицето овластено за безбедност, односно до одговорното лице за заштита при работа назначено во соодветниот оддел. Не е дозволена злоупотреба на работното време од страна на вработените за некомпаниски цели.
- Злоупотреба на дрога, лекови, алкохол или други легални или нелегални опојни средства или наркотици, е забранета за време на работа и строго се казнува.
- Сите вработени во ЕВН имаат голема одговорност за постројките, уредите, машините и материјалните предмети кои им се доверени на користење. Не е дозволена погрешна употреба или злоупотреба на имотот или средствата на компанијата за некомпаниски или лични цели.

**Дополнителни информации**
Покрај важечките и обврзувачки законски прописи, ЕВН програмата за безбедност постојано се ажурира и дополнува. Раководните лица континуирано ги развиваат безбедносните концепти со поддршка на стручните лица за безбедност и доктори ангажирани од компанијата. Обемната интерна регулатива е составена од деловни упатства, процеси и насоки за безбедност при работа. Сите информации за ова можете да ги најдете на интранет страницата.

Ние работиме согласно високи етички стандарди и ги почитуваме правните норми.

# 06 | Интегритет и избегнување на корупција

**Извадок од изјавата за деловна политика на ЕВН**
Имаме дефинирано многу амбициозни стандарди на однесување кои се однесуваат на начинот на кој работиме во и ја управуваме нашата Групација, и тие кореспондираат со преземањето на високо ниво на одговорност во нашите секојдневни активности на снабдување, отпад и отпадни води. За нас, почитувањето на фундаменталните етички принципи и сите релевантни закони е прашање на држење на правец.

**Динамичното опкружување во кое работиме**
Како меѓународно активен давател на услуги на полето на енергетиката и животната средина, ЕВН работи во експонирана и чувствителна дејност. Освен тоа, ЕВН е компанија во која сопственички удел има и јавниот сектор, и со тоа е обврзана на придржување кон одредени стандарди. Корупцијата мора да се спречи преку превентивни мерки и соодветни контроли во интерес на пошироката јавност и на репутацијата на компанијата. Сакаме да избегнеме вработените да влезат во конфликт на интереси или да се доведе под прашање лојалноста при нивната работа. Такви конфликти може да настанат доколку вработениот работи или има учество во други компании, како и во неговиот однос кон подароци и донации.

**Нашите основни начела**

- ЕВН се зазема против сите видови на корупција. Интерните обуки и дополнителните мерки за едукација ја зголемуваат свеста кај вработените за оваа проблематика.
- Подароци не смеат да бидат ниту понудени, ниту прифатени. Исклучок се подароци со мала вредност, кои се вообичаени за соодветната земја. Вработените се обврзани да ги информираат своите претпоставени доколку постои обид за непримерно незаконско давање подароци или други бенефиции.
- Давањето на парични донации и донации во предмети на добротворни, културни, социјални, како и на спортски институции, е во надлежност на соодветниот локален Оддел за комуникации, и за тоа е потребно одобрение од менаџментот на соодветната компанија. За поголема транспарентност, примателот и начинот на кој се употребува донацијата мора да се познати и разбирливи. ЕВН не дава донации на политички партии или на организации или фондации кои се во тесна врска со политичките партии.
- Потенцијалните конфликти на интереси мора да се пријават од сите вработени во ЕВН. Вработените во ЕВН не смеат да работат за трети лица во текот на работно време. Исто така вработените во ЕВН имаат обврска да пријават раководење на компанија или директно или индиректно учество во компанија која целосно или делумно е конкуренција или има воспоставено деловен однос со ЕВН. Исклучок од ова правило има кога вработените поседуваат акции од претпријатија кои котираат на берза.
- Воведувањето на постапка за укажување на потенцијални прекршоци и одговорното лице за усогласеност треба да овозможи укажување на престапи. Сите релевантни информации можат да се најдат на интранет.

**Ве молиме обратете внимание:**
Контролата не е знак за недостаток на доверба, туку превентивна мерка која е во сечиј интерес. Раководните лица преземаат одговорност при извршувањето на контролна функција во нивната област на делување и служат како контактна точка меѓу вработени и лицата на кои вработените можат да им се доверат. Највисока надлежност во компанијата има Офицерот за усогласеност. Тој ги менаџира активностите за избегнување на корупција, и интердисциплинарно се справува со сите случаи/прашања кои настануваат. Процедурите и лицата за контакт во организационите единици на Групацијата ЕВН (особено кај друштвата-ќерки) се јасно регулирани во писмена форма. Се нудат специјални обуки за вработените во особено изложени области (како набавки и инвестиции).

# Ги почитуваме и следиме човековите права и стандардите за етички принципи

# 07 | Човекови права и деловна етика

**Посветеноста на ЕВН кон Глобалниот пакт на Обединети нации**

ЕВН се обврзува да се придржува кон начелата на Глобалниот пакт на Обединетите нации: Согласни сме на целосно почитување на човековите права на сите наши деловни и производни локации и одлучно одбиваме и се спротивставуваме на било каква форма на работа на деца и присилна работа. Истото го очекуваме и од нашите деловни партнери и добавувачи.

**Динамичното опкружување во кое работиме**

Како меѓународна компанија работиме и во земји со помалку нагласено разбирање за прашањата на човековите права. Без оглед на примарната одговорност на владите за обезбедување на човековите права, сметаме дека наша одоговорност е да ги искористиме поволните можности да бараме почитување на човековите права дури и надвор од нашето непосредно поле на дејствување.

**Нашите основни начела**

Голема важност придаваме на тоа да секој вработен во ЕВН е запознаен со подолу наведените десет начела на Глобалниот пакт на Обединети нации:

- Човекови права
  Начело 1: ЕВН ја поддржува и почитува заштитата на меѓународните човекови права.
  Начело 2: ЕВН нема да биде вклучена во повреда на човековите права.

- Работни норми
  Начело 3: ЕВН ја поддржува слободата на здружување, како и ефективно признавање на правото за колективни преговори.
  Начело 4: ЕВН се зазема за укинување на сите видови на принудна работа.
  Начело 5: ЕВН се зазема за укинување на злоупотреба на детски труд.
  Начело 6: ЕВН се зазема за елиминација на дискриминирање при вработување и работење.

- Животна средина
  Начело 7: ЕВН поддржува превентивен пристап кон проблемите во однос на животната средина.
  Начело 8: ЕВН презема многубројни национални и интернационални иницијативи за создавање на поголема свесност за одговорноста кон животната средина.
  Начело 9 : ЕВН го унапредува развојот и ширењето на технологии кои не се опасни за животната средина.

- Борба против корупција
  Начело 10: ЕВН се зазема против сите видови на корупција.

**Дополнителни информации**

Документи и информации за ова прашање можете да најдете на www.unglobalcompact.org.

Ние се грижиме за економските, еколошките и социјалните принципи.

# 08 | Јавност и општество

**Динамичното опкружување во кое работиме**
Како значајна компанија, ЕВН дели одговорност за развој на општеството каде што работи. Поради бројните економски врски ЕВН има влијание врз локалните стеикхолдери. Општественото прифаќање на нашата дејност е основа за долгорочен и одржлив успех и добар углед на ЕВН. Сите вработени мора да се свесни дека со својата појава, однесување, поведение и постапки го обликуваат имиџот и влијаат на угледот на Групацијата ЕВН.

**Извадок од изјавата за деловна политика на ЕВН**
Посветени сме на концептот на одржливо управување и во оваа смисла се стремиме кон балансирање на економските, еколошките и социјалните принципи. Прв приоритет ни е да обезбедиме фер и разумен баланс меѓу потребите на сите стеикхолдери на компанијата.

**Нашите основни начела**

- Од сите вработени се очекува да се однесуваат одговорно и со грижа и внимание, во најдобар интерес на ЕВН и нејзиниот углед.
- Сите официјални соопштенија од ЕВН треба да бидат целосни, професионални, содржински точни, разбирливи и навремени. ЕВН ја почитува професионалната независност на новинарите и медиумите. Само овластени вработени можат да даваат информации кои се однесуваат на ЕВН, или друштва во кои ЕВН АГ има мнозински удел, на јавноста, медиумите или на други трети лица.
- ЕВН отворено и транспарентно ги остварува своите интереси кон властите и законодавните органи. Вработените во ЕВН кои ги претставуваат нејзините интереси ја објавуваат својата задача, доаѓаат до информации исклучиво на коректен начин, информациите вистинито ги проследуваат, ги почитуваат ограничувањата на активностите како и правилата за некомпатибилност, и не применуваат некоректен или нечесен притисок.
- ЕВН постојано и проактивно се труди да оствари контакт со стеикхолдерите, групите од интерес и невладините организации. Со нив води отворен и интензивен дијалог на најразлични теми. Со оглед на нивното значење за економијата и за општеството, ЕВН смета дека е неопходен и дијалог со претставници на државните организации и политичките партии.
- Со локалните стеикхолдери и заедници, ЕВН води отворен и транспарентен дијалог и пред сé, се стреми кон заеднички прифатливи решенија во сите свои проекти.

**Ве молиме обратете внимание:**
ЕВН ја почитува ангажираноста на своите вработени во јавните функции на ниво на општина, регионално или меѓународно ниво. Доколку ангажманот на вработениот е на било каков начин поврзан со активности на ЕВН, тогаш неопходна е претходна согласност од претпоставениот односно компанијата. ЕВН особено ја цени добротворната работа и социјалниот ангажман на многу наши вработени. За вработените во ЕВН принципиелно важи правото за слободно изразување на мислење. Сепак, од вработените се бара да не наштетуваат на угледот на ЕВН со својот јавен настап. Сите вработени мора строго да ги делат приватните од службените работи.

EVN

# Ние преземаме одговорност за животната средина и зачувување на ресурсите.

# 09 | Одржливост

**Динамичното опкружување во кое работиме**
Стремежот постојано да се живее и работи на одржлив начин, важи не само за ЕВН и нејзините вработени, но и за нејзините клиенти, добавувачи и останати стеикхолдери. Во особен фокус на нашата работа се услугите од областа на животната средина и сите аспекти на енергетска ефикасност и одговорната употреба на природните ресурси. Ова е надополнето со фундаментално градење на свест за потребата од одржливо управување со економијата и животната средина кај вработените, клиентите и секаде каде што работиме. Во рамките на регионалното работење, ЕВН активно презема одговорност за општеството, во рамки на своите можности и средствата кои ги има на располагање.

**Извадок од изјавата за деловна политика на ЕВН**
Нашата одговорност кон животната средина ја исполнуваме особено преку настојувањето за максимално зачувување на природните ресурси, намалување на нашите емисии и промовирање на обновливите извори на енергија. За постигнување на оваа цел значаен придонес имаат континуираните иновации и зголемувањето на ефикасноста.

**Извадок од изјавата за животна средина на ЕВН**
Ние сме посветени на начелото на одржливост и одговорно ги користиме ресурсите кои ни се доверени. Наша цел е да го зачуваме долгорочниот квалитет на нашата животна средина за идните генерации.

**Нашите основни начела**

- При планирањето и реализацијата, но и во нашето секојдневно делување, највисок приоритет има економичното користење на природните ресурси. Нашите постројки работат според најновата технологија, со цел колку што е можно поефикасно да се искористат ресурсите и да се намалат емисиите на штетни гасови. ЕВН поддржува и спроведува истражување и развој на иновативни технологии во сите свои деловни активности.
- Сите вработени во ЕВН се поканети да ја искористат нивната експертиза за развивање иновативни предлози за одговорно користење на природните ресурси и за општ развој на одржливото управување со компанијата. За таа цел се воспоставени соодветни канали на комуникација (особено Идеја Менаџмент во ЕВН).
- Искористувањето на обновливата енергија од мали хидроцентрали, ветер, биомаса и соларна енергија, стана составен дел на портфолиото на ЕВН и нејзината политика за заштита на климата. Ние исто така ги потпомагаме и поддржуваме нашите потрошувачи да користат обновливи извори на енергија.
- При дистрибуција на електричната енергијата особено внимаваме на заштита на природата. Важен придонес се прави кон зачувување на пејзажот, зачувување на карактерот и изгледот на локалитетите и одржување на биодиверзитетот преку оптимизација на трасирањето на далноводите.

**Ве молиме обратете внимание:**
ЕВН е посветена кон постојано подобрување на нејзиното делување во екологијата и одржливоста и уште од 1995 воведе менаџмент на животна средина. Изјавата за животна средина на ЕВН претставува основа за стратегијата на ЕВН и го поддржува спроведувањето на мерките кои ја рефлектираат зголемената свест за животната средина во компанијата. Многу од постројките на ЕВН се акредитирани според EMAS и ISO 14001 и редовно подлежат на интерна и екстерна ревизија. Редовно објавуваме инфомација за клучните економски, социолошки, и индикатори за човечки ресурси и животна средина насочени кон исполнување на Глобалната иницијатива за известување (Global Reporting Initiative (GRI)). Сите релевантни податоци се ажурираат и објавуваат во годишниот Извештај за одржливост на ЕВН. За прибирање на релевантни податоци и информации, и имплементација на проекти одговорни се одделите контролинг на животната средина, сметководството и човечки ресурси на ЕВН АГ. Од сите вработени се очекува активна поддршка на оптимизацијата на процесот на известување, особено при прибирањето и интерпретација на релевантните показатели и податоци.

EVN

Ние се придржуваме кон заштитата на податоците и принципот на доверливост.

# 10 | Заштита на податоци и доверливост

**Динамичното опкружување во кое работиме**
Адресните податоци на клиенти и партнери, како и концепти, информации за проекти и фактури се сметаат за доверливи деловни информации. При нашата работа имаме увид во доверливи информации и во оперативни податоци. ЕВН професионално ги штити сите податоци од губење и неовластено користење, и истото го очекува од своите вработени.

**Извадок од изјавата за деловна политика на ЕВН**
Цел [...] е неоткривање и доверливост на личните податоци, доколку чувањето на овие податоци во тајност е во интерес на засегнатата личност.

**Нашите основни начела**

- Личните податоци смеат да се собираат, обработуваат или употребуваат само доколку тоа е потребно за утврдени, јасни и законски цели. Се гарантира висок стандард на квалитет на податоците и за техничката заштита од неовластен пристап. Користењето на податоците мора да биде транспарентно за засегнатото лице и мора да се заштитат неговите права за барање информација и поправка на неточни податоци, како и неговото право да поднесе приговор, блокира пристап до податоците или да ги избрише доколку е потребно.
- Во рамките на нејзините деловни активности, ЕВН добива пристап до доверливи податоци за многу лица и компании. За да се обезбеди заштита на податоците се постапува со особена претпазливост и грижа.
- Секој вработен мора да ги почитува законските права на интелектуална сопственост и трговска марка на трети страни. Вработените не смеат неовластено да стекнуваат и користат доверливи информации за трети страни.
- Патентите, пронајдоците и специјалните вештини и знаења се од особено значење за ЕВН.

Вработените не смеат во било која форма да даваат на трети лица информации за нови сознанија, деловни тајни или заштитени информации. Службените материјали, документи и медиуми за чување на податоци мора да се заштитат од пристап на неовластени лица.

- Строго се забранува директно или индиректно користење на доверливи деловни информации за лична корист на вработениот или на трети лица, или пак на штета на ЕВН, како за време на работниот однос, така и по неговото завршување.

**Ве молиме обратете внимание:**
Законот за заштита на лични податоци во повеќето држави предвидува да се назначи Офицер за заштита на лични податоци во компанијата. За прашања во однос на заштита на личните податоци, Ве молиме обратете се до лицето кое е надлежно во Вашата компанија.